Врз основа на член 18 од Законот за здруженија и фондации („Службен весник на РМ“ бр. 52/10, 135/11 и 55/16), Основачкото собрание на Здружение за поддршка, соработка и социјална правда СЛОБОДА ИСКРЕНОСТ ЛОЈАЛНОСТ АКЦИЈА - СИЛА Скопје на седницата одржана на 09.12.2023 година, донесе

# СТАТУТ

На Здружение за поддршка, соработка и социјална правда СЛОБОДА ИСКРЕНОСТ ЛОЈАЛНОСТ АКЦИЈА - СИЛА Скопје

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со овој статут се уредуваат: името и седиштето; целите на здружението; дејностите со кои се остваруваат целите; начинот на одлучување за зачленување, исклучување и престанок на членувањето во здружението; правата, обврските и одговорностите на членовите; видот на органите и нивниот состав, начинот на избор и разрешување; траење на мандатот на членовите во органите и начинот на одлучување; застапувањето по закон; начинот на стекнување и располагање со средствата; начинот на донесување на финансиски и други извештаи; начинот на остварување на јавност и отчетност во работата; начинот на донесување, изменување и дополнување на статутот; начинот на одлучување за статусни промени и престанок на здружението; начинот на донесување на планови и програми; постапувањето со средствата и имотот во случај на престанок на здружението и други прашања утврдени со закон.

**Член 2**

Здружение за поддршка, соработка и социјална правда СЛОБОДА ИСКРЕНОСТ ЛОЈАЛНОСТ АКЦИЈА - СИЛА Скопје е доброволно, непрофитно, невладино, непартиско здружение на граѓани, формирано со слободно здружување на граѓаните заради остварување, заштита и усогласување на своите интереси и уверувања, унапредување на граѓанското општество и локалните заедници, како и заради вршење на дејности и активности за поттикнување на моралните вредности, зајакнување на меѓуетничките односи и економскиот развој на територијата на Република Северна Македонија и пошироко, а во согласност со Уставот и Законот.

## I. ИМЕ, СЕДИШТЕ И ОЗНАКИ

**Член 3**

Името на здружението е: Здружение за поддршка, соработка и социјална правда СЛОБОДА ИСКРЕНОСТ ЛОЈАЛНОСТ АКЦИЈА - СИЛА Скопје

Здружението има скратен назив кој гласи: СЛОБОДА ИСКРЕНОСТ ЛОЈАЛНОСТ АКЦИЈА - СИЛА Скопје

Седиштето на здружението е на Скопје на ул. Сава Ковачевиќ бр.47Ј влез 002 бр.006 Скопје - Кисела Вода,

Одлуката за седиштето ја донесува Собранието на здружението.

Здружението на граѓани СЛОБОДА ИСКРЕНОСТ ЛОЈАЛНОСТ АКЦИЈА - СИЛА Скопје има свој печат и штембил.
Печатот на здружението е со кружна форма и во него е впишан текст на македонски јазик со кирилско писмо: Здружение за поддршка, соработка и социјална правда СЛОБОДА ИСКРЕНОСТ ЛОЈАЛНОСТ АКЦИЈА - СИЛА Скопје.
Штембилот на здружението е со правоаголна форма и во него е впишан текст Здружение за поддршка, соработка и социјална правда СЛОБОДА ИСКРЕНОСТ ЛОЈАЛНОСТ АКЦИЈА - СИЛА Скопје, место за деловоден број, датум и прилог.
Употребата на печатот и штембилот на Здружението СЛОБОДА ИСКРЕНОСТ ЛОЈАЛНОСТ АКЦИЈА - СИЛА Скопје ги пропишува Управниот одбор.

## II. ЦЕЛИ НА ЗДРУЖЕНИЕТО

**Член 4**

Здружението СЛОБОДА ИСКРЕНОСТ ЛОЈАЛНОСТ АКЦИЈА - СИЛА Скопје во својата програма на дејствување ги има зацртано следните цели:

- Почитување, унапредување и јакнење на човековите права и слобода како една од најзначајните општествени вредности во демократското општество преку принципот на владеење на правото.
- Иницијатива за соработка со сите релевантни институции во Р.С.Македонија за унапредување на системот за остварување на човековите права и слобода преку принципот на владеење на правото.
- Вршење на активности за поттикнување и подигнување на моралните вредности во општеството.
- Зајакнување на основните човекови вредности преку организирање на спортско -рекреативни и културни настани на територијата на Р.С Македонија и пошироко.
- Анализа на актуелните состојби и асистенција во обезбедување на стручна помош и услуга.
- Се здружува со други здруженија и членува во меѓународни здруженија и организации.
- Да организира и спроведува обуки за развој на капацитетите во институциите на РСМ и надвор од нив.
- Да предлага мерки и активности на надлежните органи, институции и стручни служби, со цел унапредување на регулативата во областа на социјална правда, како и да учествува во следење на нејзината имплементација.
- Да обезбедува материјални, финансиски и правни услови за работа на здружението и неговите членови.

**ДОЛГОРОЧНИ ЦЕЛИ:**

- Зајакнување на индивидуални релации и помош помеѓу сите членови и нивните семејства.
- Помош и поддршка во секаква форма(морална, етичка, финансиска, психолошка) на сите членови на здружението, со посебен акцент на членовите кои биле во ситуација со безбедносен ризик.

- Давање придонес и помош во развивање и чување на човековите права и еднаквост на сите во државните институции и надвор од нив.
- Давање придонес во зајакнување и спроведување на законските норми, регулативи и правила во државните институции.
- Давање помош, мислења, сугестии, знаења, идеи и пренесување на искуства од членовите на здружението кон државните институции во сферата на безбедноста.
- Укажување на нерегуларности, пропусти, незаконитости на државните институции кон поединци и групи кои се дел од институциите, преку претставки, јавни дебати, јавни собири и протести како и други облици на законско дејствување во правец на заштита на индивидуалното и колективно право на припадниците на државните институции.
- Помош и поддршка на членовите на здружението и надвор од него при проблем со посттрауматско стресно пореметување (ПТСП) кај лицата кои биле на мисии во странство во склоп на државните институции или приватна режија а биле изложени на безбедносни ризици со претрпена одредена доза на стрес, како и личности кои претрпеле стрес во склоп на нашите државни институции при извршување на задачи со безбедносен ризик и нивна ресоцијализација.
- Групна и индивидуална помош на лица како последица на ПТСП (семејни насилства) и нивна ресоцијализација преку разни облици на сеанси, работилници, курсеви, панели, презентации, семинари и други видови на делувања и едукација.
- Создавање на систем, линкови, конекции со државни и меѓународни стручни и здравствени организации за помош и поддршка за справување со ПТСП и ресоцијализација на членовите во и надвор од здружението.

**Член 5**

Здружението СЛОБОДА ИСКРЕНОСТ ЛОЈАЛНОСТ АКЦИЈА - СИЛА Скопје своите цели ги реализира во согласност со законот и уставот на Република Северна Македонија.
Се забранува политичко и верско организирање во рамки на Здружението СЛОБОДА ИСКРЕНОСТ ЛОЈАЛНОСТ АКЦИЈА - СИЛА Скопје.
На членовите на здружението не им е дозволено да го користат здружението за реализација на свои лични или партиски интереси.

**Член 6**

Здружението СЛОБОДА ИСКРЕНОСТ ЛОЈАЛНОСТ АКЦИЈА - СИЛА Скопје со посебна одлука може да формира акционерско друштво, друштво со ограничена одговорност или друг облик, согласно Законот за трговски друштва на Р.С.Македонија
Здружението работи врз основа на план и програма за работа.

## III. ЧЛЕНСТВО, НАЧИН НА ЗАЧЛЕНУВАЊЕ И ПРЕСТАНОК НА ЧЛЕНУВАЊЕ ВО ЗДРУЖЕНИЕТО

### Член 7

Член на Здружението СЛОБОДА ИСКРЕНОСТ ЛОЈАЛНОСТ АКЦИЈА - СИЛА Скопје може да биде секој граѓанин, независно од неговата возраст, кој доброволно ќе пристапи и кој ќе ги прифати целите на здружението утврдени со овој статут.

Малолетно лице со наполнети 14 години може да се зачлени во здружението со потпишување на писмена согласност на неговиот законски застапник.

Зачленувањето се врши со пополнување и потпишување на пристапница.

На секој член му се издава членска легитимација.

Формата и содржината на пристапницата и членската легитимација ги пропишува Управниот одбор.

### Член 8

Здружението СЛОБОДА ИСКРЕНОСТ ЛОЈАЛНОСТ АКЦИЈА - СИЛА Скопје води регистар на членови.

Податоците во регистарот се ажурираат најмалку еднаш на две години и се заштитени во согласност со прописите за заштита на личните податоци и класифицирани информации.

Здружението СЛОБОДА ИСКРЕНОСТ ЛОЈАЛНОСТ АКЦИЈА - СИЛА Скопје ја гарантира анонимноста на личните податоци во регистарот на членовите кои тоа го побарале.

### Член 9

Секој член може доброволно да истапи со потпишување на писмена изјава и враќање на членската легитимација.

Член на здружението може да биде исклучен во случај кога членот:

- Не го почитува статутот и другите акти на здружението;
- Дејствува спротивно на целите на здружението;
- Доколку не ја плаќа редовно членарината, за два последователни месеци или вкупно 3 во текот на една календарска година.
- Доколку членот неоправдано отсуствува на повеќе од половината одржани редовни седници на Собранието

Исто така членството престанува со настапување на смрт на членот и со престанување на постоењето на правното лице.

Одлука за исклучување на членот од здружението донесува Управниот одбор со мнозинство на гласови.

Со престанување на членство во здружението, членот е должен да ја врати членската легитимација а на пристапницата да се назначи дека членот доброволно истапил, односно е исклучен од здружението.

## IV. ПРАВА, ОБВРСКИ И ОДГОВОРНОСТИ НА ЧЛЕНОВИТЕ

### Член 10

Секој член на здружението има права и одговорности согласно одредбите на овој статут и другите акти на здружението.

Секој член на здружението има право да избира и да биде избран во органите и телата на здружението, како и да биде вклучен во сите активности на здружението.

Секој член на здружението плаќа членарина од 350,00 денари месечно.

- Членарината се плаќа најдоцна до 15-ти за тековниот месец.

Одлуката за висината и начинот на плаќање на членарината ја носи Собранието.

- Членарината се уплатува исклучиво на жиро-сметка со бр.**240040119196343** депонент Уни Банка АД Скопје

### Член 11

Целна група на Здружението СЛОБОДА ИСКРЕНОСТ ЛОЈАЛНОСТ АКЦИЈА - СИЛА Скопје се граѓаните (луѓето) без разлика на нивната национална, религиска или друга припадност и определба.

Основачи на Здружението СЛОБОДА ИСКРЕНОСТ ЛОЈАЛНОСТ АКЦИЈА - СИЛА Скопје се:

1. Антонио Станковски ул. 9 бр.2, во Куманово, бр. на л.к. А2452249, ЕМБГ 2703970420035

2. Валентин Митрев ул. Методија Андонов Ченто бр.98А, бр. на л.к. А2214898, ЕМБГ 241297149301

3. Марјан Петров бул. „Видое Смилевск Бато бр.73/2-1 Скопје, бр. на л.к А2380052, ЕМБГ 1005972493002

4. Дејан Пауновски ул. „ Христо Татарчев“ бр 30/1-7, во Скопје, бр. на л.к А2458646, ЕМБГ 2708979480016

5. Сашо Поповски ул. „1616“ бр. 27/1-2, во Скопје, бр. на л.к. А2077159, ЕМБГ 2606969420018

6. Дајанчо Моневски ул. „ул.Жан Жорес“ бр163/1-1, во Скопје, бр. на л.к А1879120, , ЕМБГ 1011972494009

7. Борче Андов ул.Симеон Кавракиров бр.16-28 Скопје, бр.л.к А2637684, ЕМБГ 2712972494000

8. Боби Петковски ул. Ѓорги Сугаре бр.14-22., во .Скопје, бр. на л.к.А2001160, , ЕМБГ 2006972450133

9. Горанчо Стојанов ул. „1513“ бр. 168, во Скопје, бр. на л.к. 1839748, ЕМБГ 0706974494000

10. Предраг Масевски ул. „.141“ бр. 14, во Куманово, бр. на л.к. М0542122, ЕМБГ 2708974420023

11. Саше Спасовски ул. „Тодор Чангов 38“ бр.10, во Скопје, бр. на л.к. М0087903, ЕМБГ 0111972450029

12. Гоце Димитријевски ул. „ Питарница 3“ бр. 9, во Гостивар, бр. на л.к. А2634385, ЕМБГ 2607981473026

**Член 12**

Основачите на Здружението СЛОБОДА ИСКРЕНОСТ ЛОЈАЛНОСТ АКЦИЈА - СИЛА Скопје своите права и одговорности ги имаат исцрпено со чинот на основање на здружението.

Со статутот, со општите и посебните акти, не можат да се утврдат посебни права и одговорности на основачите на здружението.

**Член 13**

Здружението СЛОБОДА ИСКРЕНОСТ ЛОЈАЛНОСТ АКЦИЈА - СИЛА Скопје е основано на неопределено време.

## V. ОРГАНИ НА ЗДРУЖЕНИЕТО

**Член 14**

Органи на Здружение за поддршка, соработка и социјална правда СЛОБОДА ИСКРЕНОСТ ЛОЈАЛНОСТ АКЦИЈА - СИЛА Скопје се:

- **Собрание**
- **Застапник**
- **Управен одбор**

Органите на здружението се избираат на начин утврден со овој статут.

Кандидатите за членови на органите на здружението треба да бидат лица со интегритет, компетентност и афирмативност.

Членовите на органите на здружението дејствуваат со својот личен капацитет и одлучуваат според сопствено убедување.

### 1. Собрание

**Член 15**

Собранието на Здружението СЛОБОДА ИСКРЕНОСТ ЛОЈАЛНОСТ АКЦИЈА - СИЛА Скопје е највисок орган и го сочинуваат сите членови на здружението.

Со статутот може да се определи начинот на претставување на членовите на здружението преку избрани претставници во собранието на здружението.

Собранието:

- донесува статут, програма и други акти на здружението;
- усвојува годишен извештај за работа и финансиски извештај и го објавува на веб страницата на здружението;
- доставува финансиски извештај до надлежниот орган на државната управа, односно до органот на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје во случаите кога користи средства од Буџетот на Република Северна Македонија, односно буџетите на единиците на локалната самоуправа;
- одлучува за промена на целите на здружението;
- одлучува за внатрешната организација и организационите форми на органите на здружението;
- избира и разрешува застапник и членови на Управниот и Надзорниот одбор, со мнозинство гласови од вкупниот број членови;
- избира независен ревизор (друштво за ревизија);
- одлучува за статусните измени на здружението;
- одлучува за зачленување и истапување од сојузи и меѓународни организации;
- одлучува за престанок на здружението со двотретинско мнозинство гласови од сите членови на здружението; и
- врши и други работи во согласност со статутот и актите на здружението.

**Член 16**

Собранието работи на седници.
Собранието одржува седница најмалку еднаш годишно и по потреба.
Седниците на Собранието ги свикува застапникот, по сопствена иницијатива, по барање на Управниот одбор или на 1/3 од членовите на Собранието. Ако застапникот во рок од 14 дена од денот на дадениот предлог не свика седница, седницата ја свикува Управниот одбор или иницијаторите.
Собранието донесува деловник за работа со мнозинство гласови од вкупниот број членови.

**Член 17**

Со седницата на Собранието претседава претседавач.
Претседавачот на Собранието се избира за секоја одделна седница, на самата седница, по предлог на застапникот, Управниот одбор или пет члена на Собранието. За претседавач на Собранието може да се избере секој член на Собранието, со исклучок на застапникот и членовите на Управниот одбор.

**Член 18**

Собранието може да одлучува ако на седницата присуствува мнозинство од вкупниот број членови.
Собранието одлучува со мнозинство гласови од присутните членови, а најмалку со една третина од вкупниот број членови, ако со овој статут не е предвидено посебно мнозинство.
Собранието за сите прашања одлучува со јавно гласање.
Собранието со тајно гласање одлучува само за избор и разрешување на застапник и членови на Управен и Надзорен одбор.

**Член 19**

За работата на Собранието се води записник којшто содржи податоци утврдени со деловникот.

Записникот го води записничар и се заверува од претседавачот на Собранието и застапникот.

## 2. Законски Застапник

**Член 20**

Законскиот Застапникот е лице чии права, овластувања и одговорности се поврзани со раководење на здружението и застапувањето на здружението во согласност со закон и со овој статут.

Мандатот на застапникот е четири години, со право на повторен избор.

**Член 21**

**Застапникот**:

- го застапува здружението во правниот промет со трети лица и одговорен е за комуникацијата и соработката со други страни;
- ги следи и ги анализира состојбите, проблемите и јавните политики во дејноста на здружението, дава прогнози и предвидувања, покренува иницијативи и дава предлози за унапредување на работата;
- се грижи (идентификува, развива и спроведува) за стратешкото планирање и изготвува перспективни, годишни и периодични програми и деловни планови (со финансиски планови) и е одговорен за нивното извршување;
- поднесува периодични извештаи до Управниот одбор и годишни извештаи до Собранието;
- ја води организацијата и развива организациска култура;
- воспоставува соодветни процедури за работа на здружението;
- формира пописни и други комисии и работни групи;
- се грижи за правилно и економично работење со средствата на здружението и управува со паричниот тек;
- одлучува за засновање работен однос, ги води и мотивира соработниците;
- воспоставува показатели и ги оценува работните достигнувања и
- врши други работи утврдени со закон и статутот.

**Застапникот е одговорен за**:

- законитоста, правилноста и навременоста на работата на здружението и за обезбедување услови за работа во согласност со законите, статутот и општите акти на здружението;
- подготвување и навремено, објективно и точно презентирање на финансиските извештаи;
- управување и следење на ризиците на кои е изложено здружението.

Застапникот, во рамките на своите права и овластувања, може да му даде на друго лице писмено полномошно за преземање на одредени правни дејствија, како и за застапување пред правосудните и другите органи. Содржината, видот, обемот и времетраењето на полномошното ја определува застапникот.

3. **Управен одбор**

**Член 22**

Управниот одбор е орган на здружението чии работи се поврзани со општо управување и следење на секојдневното работење на здружението.
Управниот одбор е составен од пет члена.
Собранието може да одлучи застапникот на здружението да биде член на Управниот одбор и негов претседател.
Мандатот на членовите на Управниот одбор е четири години, со право на повторен избор.

**Член 23**

**Управниот одбор:**

- ги донесува општите акти на здружението, освен актите што ги донесува Собранието и го следи спроведувањето на статутот;
- донесува одлуки за награди, пофалници и признанија;
- донесува одлуки за набавка и отуѓување на основни средства;
- предлага измени и дополнувања на статутот;
- предлага годишна програма за дејствување на здружението и го следи спроведувањето на програмата;
- одобрува тримесечни и шестмесечни извештаи;
- добро управува и се грижи за имотот и средствата на здружението;
- предлага независен ревизор (друштво за ревизија);
- одобрува годишна сметка;
- подготвува и спроведува одлуки на Собранието;

врши други работи во согласност со овој статут и со општите акти на здружението.

**Член 24**

Управниот одбор работи и одлучува на седници.
Управниот одбор одржува најмалку четири седници годишно.
Седниците на Управниот одбор ги свикува претседавачот на Управниот одбор, по сопствена иницијатива, по барање на двајца членови на Управниот одбор или по барање на 1/3 од членовите на Собранието.
Претседавачот на Управниот одбор е должен да свика седница во рок од 14 дена од денот кога е поднесено барањето.
Свикувањето на седницата се врши со покана во која се наведува времето и местото на одржување и предлог-дневен ред на седницата.
За работата на седниците се води записник, којшто го заверува претседавачот и еден член на Управниот одбор.
Управниот одбор донесува деловник за работа, со мнозинство гласови од вкупниот број членови.

4. **Надзорен одбор**

**Член 25**

Надзорниот одбор е орган на здружението чии работи се поврзани со надзорот над работењето на здружението.
Надзорниот одбор е составен од три члена. Членовите треба да имаат познавање за работењето на здружението, познавања од областа на финансиското работење и ревизијата, како и познавање за ризиците на кои е изложено здружението.
Членовите на Надзорниот одбор во исто време не можат да бидат и членови на други органи на здружението.
Мандатот на членовите на Надзорниот одбор е 2 години, со право на повторен избор.

**Член 26**

**Надзорниот одбор:**

- го следи спроведувањето на статутот и програмата на здружението;
- се грижи за работењето и имотот на здружението;
- го контролира начинот на работењето на органите на управување;
- поднесува извештај на Собранието на здружението, најмалку еднаш годишно за финансиското и сметководственото работење;
- ја прегледува годишната завршна сметка и други акти на здружението и
- врши други работи утврдени со закон и статутот.

**Член 27**

Стручните и административно-технички работи за потребите на Здружението ги врши секретарот на здружението.
Секретарот:

- подготвува извештаи, анализи, информации и други материјали за потребите на органите на здружението;
- подготува предлог-одлуки и други акти што ги донесуваат органите на здружението;
- врши набавка на потрошен материјал за потребите на здружението и
- врши други работи во согласност со овој статут и со општите акти на здружението.

## VI. ФИНАНСИСКО И ДЕЛОВНО РАБОТЕЊЕ

**Член 28**

Здружението СЛОБОДА ИСКРЕНОСТ ЛОЈАЛНОСТ АКЦИЈА - СИЛА Скопје средствата за финансирање ги стекнува од:

- членарина,
- основачки влогови,
- доброволни прилози,
- донации,
- подароци (во пари, добра, имотни права),
- завештанија,
- легати,

- дејности со кои се стекнува добивка,
- кирии и закупнини,
- како и приходи од инвестиции, дивиденди, камати, заеми и други приходи во согласност со закон и со статутот.

Здружението може да добива средства и од Буџетот на Република Северна Македонија, буџетите на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје.

**Член 29**

Финансиските средства на здружението се употребуваат за остварување на целите на здружението определени со овој статут и програмата на здружението и согласно со правилата и ограничувањата на изворите на финансирање.
Вишокот на остварените приходи над расходите (добивката) мора да биде употребен за остравување на целите на здружението утврдени со овој статут и не може да се распределува меѓу основачите, членовите, членовите на органите, застапникот, вработените или кое било друго со нив поврзано лице.

**Член 30**

Финансиската година се совпаѓа со календарската година.
Висината и начинот на распределба на средствата на Здружението СЛОБОДА ИСКРЕНОСТ ЛОЈАЛНОСТ АКЦИЈА - СИЛА Скопје се утврдуваат секоја година со финансискиот план, а врз основа на годишен деловен план.
Годишниот деловен план, вклучувајќи го финансискиот план, го донесува Управниот одбор.
Годишниот деловниот план се донесува на крајот од тековната календарска година, за наредната година.
Ако годишниот деловен план не се донесе во рокот предвиден со ставот 4 од овој член, финансирањето ќе се врши во висина на средствата од претходната година, зголемени со порастот на цените на мало во тековната година.

**Член 31**

Здружението СЛОБОДА ИСКРЕНОСТ ЛОЈАЛНОСТ АКЦИЈА - СИЛА Скопје води сметководство, води и чува книги, поднесува годишна сметка и врши попис на начин уреден со закон.
Управниот одбор со општ акт го уредува финансиското работење.
Управниот одбор го одобрува извештајот за попис.

**Член 32**

Здружението СЛОБОДА ИСКРЕНОСТ ЛОЈАЛНОСТ АКЦИЈА - СИЛА Скопје има годишен извештај, годишна сметка и финансиски извештаи во согласност со закон, овој статут и општите акти на здружението.
Годишниот извештај е составен од извештај за постигнувањата и финансиски извештај. Содржината на годишниот извештај и финансискиот

извештај е во согласност со закон и со стандардите за финансиско известување.

**Член 33**

Одговорен за годишниот извештај, за годишната сметка и за финансиските извештаи, односно за нивната подготовка и потпишување е застапникот.
Собранието може да одлучи доколку годишниот буџет на здружението е над 20.000 евра во денарска противвредност според средниот курс на Народната банка на Република Северна Македонија да се изврши независна годишна ревизија на финансиското работење, а ако буџетот е над 100.000 евра во денарска противвредност според средниот курс на Народната банка на Република Северна Македонија, да се изврши ревизија во согласност со меѓународните сметководствени стандарди.
Годишниот извештај и финансискиот извештај за претходната година, го донесува Собранието до 30 март во тековната календарска година, односно во рокот пропишан со закон.
Годишниот извештај и финансискиот извештај за претходната година се објавуваат на веб страницата на Здружението СЛОБОДА ИСКРЕНОСТ ЛОЈАЛНОСТ АКЦИЈА - СИЛА Скопје најдоцна до 30 април во тековната календарска година.

## VII. ТРАНСПАРЕНТНОСТ ВО РАБОТЕЊЕТО

**Член 34**

Работата на здружението СЛОБОДА ИСКРЕНОСТ ЛОЈАЛНОСТ АКЦИЈА - СИЛА Скопје е јавна.
Јавноста во работењето се обезбедува со редовно известување (на членовите, други здруженија или пошироката јавност) за работењето и активностите на Здружението, со увид во спроведувањето на програмските задачи, со поднесување извештај за работа на органите и телата на Здружението, за материјално – финансиско работење и друго.
За информирање на членовите и пошироката јавност здружението ја користи интернет страницата како и останатите МАС медиуми во Р.С Македонија и таблата за јавно огласување која стои на видно место во просториите на самото здружение.

**Член 35**

Здружението СЛОБОДА ИСКРЕНОСТ ЛОЈАЛНОСТ АКЦИЈА - СИЛА Скопје дејствува на целата територија на Република Северна Македонија.
Здружението СЛОБОДА ИСКРЕНОСТ ЛОЈАЛНОСТ АКЦИЈА - СИЛА Скопје дејствува и на меѓународно ниво, во согласност со својата генерална политика и стратегија.

## VIII. ЗАШТИТА НА ИНТЕРЕСИТЕ

**Член 36**

Застапникот и членовите на органите на здружението се должни да управуваат и работат со внимание и во согласност со начелата на добро управување, во интерес на здружението, а над личните интереси, односно во интерес на остварување на целите, во согласност со закон и со овој статут.

**Член 37**

Здружението СЛОБОДА ИСКРЕНОСТ ЛОЈАЛНОСТ АКЦИЈА - СИЛА Скопје одговара за своите обврски со целиот свој имот и средства.
Застапникот и членовите на Управниот одбор одговараат лично и неограничено за нивните обврски кон здружението, за злоупотреба на средствата на здружението, за постигнување цели што за нив како поединци се забранети или за злоупотреба на здружението како правно лице за да им нанесат штета на своите доверители.

**Член 38**

Застапникот и членовите на Управниот одбор се одговорни солидарно за штетата на здружението предизвикана од нивната работа, ако таа е предизвикана со грубо невнимание или со намера да се предизвика штета, освен во случаите кога во одлучувањето го издвоиле своето мислење на записник или ако не учествувале во одлучувањето.
Барање за надоместок на штета поднесува Надзорниот одбор.

## IX. ПРЕСТАНОК НА ЗДРУЖЕНИЕТО

**Член 39**

Здружението СЛОБОДА ИСКРЕНОСТ ЛОЈАЛНОСТ АКЦИЈА - СИЛА Скопје престанува да постои ако:

- Собранието со двотретинско мнозинсто од вкупниот број членови донесе одлука за престанок на постоење на здружението;
- бројот на членовите на здружението се намали под бројот определен за основање;
- поминато е двојно повеќе време од времето предвидено за одржување на седница на Собранието, а таа не е одржана;
- во две последователни години не е поднесена завршна сметка во согласност со закон;
- статусна измена која предвидува престанок на постоењето;
- донесена е одлука на надлежен суд;
- стечај или
- спроведена ликвидација.

**Член 40**

Во случај на престанок на Здружението СЛОБОДА ИСКРЕНОСТ ЛОЈАЛНОСТ АКЦИЈА - СИЛА Скопје, со имотот и средствата што

останувaат по намирување на обврските располага Република Северна Македонија.

## X. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 41**

Толкување на одредбите на овој статут дава Собранието, а помеѓу две седници на Собранието, Управниот одбор .

**Член 42**

Измени и дополнување на овој статут се вршат на ист начин и постапка како и за неговото донесување.

**Член 43**

Овој статут влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавен на веб страницата на здружението како и на огласната табла во просториите на Здружението СЛОБОДА ИСКРЕНОСТ ЛОЈАЛНОСТ АКЦИЈА - СИЛА Скопје.

Место и датум

Здружение
СЛОБОДА ИСКРЕНОСТ
ЛОЈАЛНОСТ АКЦИЈА
СИЛА Скопје

Скопје 09.12.2023

Застапник
Антонио Станковски

______________________